Врз основа на член 13 став (7) од Законот за нотаријатот ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/07, 86/08 и 139/09), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЛУЖБЕНИОТ ПЕЧАТ, СУВИОТ И ВОДЕНИОТ ЖИГ, ШТЕМБИЛИТЕ И ФИРМАТА НА НОТАРОТ, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на службениот печат, сувиот и водениот жиг, штембилите и фирмата на нотарот, како и начинот на нивното издавање и одземање.

## 1. Форма и содржина на службениот печат, сувиот и водениот жиг и штембилите на нотарот

Член 2

Службениот печат, сувиот и водениот жиг на нотарот имаат тркалезна форма и го содржат грбот на Република Македонија и називот "Република Македонија", називот "НОТАР", името и презимето на нотарот и подрачјето на основниот суд за кое е именуван нотарот.

Член 3

Службениот печат на заменик-нотарот, помошник-нотарот и нотарот кој привремено ја врши службата има правоаголна форма и го содржи грбот на Република Македонија, називот "Република Македонија", називот "заменик-нотар", "помошник-нотар", или "нотар кој привремено ја врши службата", името и презимето на лицето и подрачјето на основниот суд за кое е именуван нотарот.

Член 4

Службениот печат од членовите 2 и 3 од овој правилник е со пречник од 35 мм и се втиснува со црно, темно-сино или виолетово мастило.

Водениот жиг е изработен од метал во пречник од 35 мм и тој се втиснува врз црвен восок.

Сувиот жиг е со пречник од 35 мм и тој се втиснува со механичко притискање врз нотарската исправа.

Член 5

Со службениот печат, со водениот и сувиот жиг (во натамошниот текст: жигот) ракува само нотарот и лицата што се овластени во неговата канцеларија.

Службените печати и жигот, надвор од работното време, нотарот ги чува заклучени во нотарската канцеларија.

Печатот и жигот се нарачуваат, изработуваат и уништуваат согласно со одредбите од Законот за нотаријатот.

Член 6

Нотарот во вршење на својата работа користи и штембили.

Нотарот ги користи штембилите предвидени со Законот за нотаријатот и правилниците со кои се пропишува неговото работење.

Член 7

За потребите на нотарското работење се користат следните штембили:

1.Штембил за заверка на службените книги на нотарот (Образец бр.1);
2. Штембил за означување на нотарската канцеларија (Образец бр.2);
3. Штембил за прием на писмено- приемен штембил (Образец бр.3);
4. Штембил за заклучување на службените книги на нотарот (Образец бр.4);
5. Штембил за одобрено ослободување од плаќање на нотарски трошоци-такси (Образец бр.5);
6. Штембил за потврда на извршност на нотарскиот акт (Образец бр.6);
7. Штембил за заверка на извод (Образец бр.7);
8. Штембил за заверка на препис (Образец бр.8);
9. Штембил за заверка на потпис или ракознак (Образец бр.9);
10. Штембил за заверка на изводи од трговски и деловни книги (Образец бр.10);
11. Штембил за заверка на превод (Образец бр.11);
12. Штембил за потврда на времето кога исправата е поднесена (Образец бр.12);
13. Штембил за поништување на такса (Образец бр.13 )
14 Штембил за потврдување на рокот на чување на списот (Образец бр.14);
15. Штембил за пресметка за авансирање на трошоци за излегување надвор од канцеларија (Образец бр.15);
16. Штембил за архивски број (Образец бр.16);

Обрасците од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 8

Наместо ставање на штембилите од член 7 точките 3, 5, 7, 8, 9, 10,11, 12, и 14 од овој правилник, нотарот може содржината на штембилите да ја напише и на компјутер, на машина за пишување или со друго механичко средство за пишување.

**2. Начин на издавање и одземање на печатот, жигот и штембилите**

Член 9

Поради запазување на еднообразноста печатите, жигот и штембилите по барање на нотарот и на негов трошок се изготвуваат од страна на Нотарската комора на Република Македонија (во натамошниот текст: Нотарската комора) .

Член 10

Барањето за изработка на печатот, жигот и штембилите се доставува до Нотарската комора.

Барањето содржи: број и датум на повелбата за поставување на нотарот, решение за именување на заменик-нотарот, помошник-нотарот или на нотар кој привремено ја врши службата, името и презимето, и место на

службеното седиште, бројот, видот и големината на печатот, жигот и штембилите и нивната содржина.

Член 11

Отпечатоците од печатот, штембилите и жигот нотарот ги доставува на заверка до претседателот на основниот суд за подрачјето на судот за кое е именуван нотарот.

Одредбите од став 1 на овој член се однесуваат и за изработените печати на заменик-нотарот, помошник-нотарот и на нотарот кој привремено ја врши службата.

Содржината и бројот на изработениот печат, жиг и штембил се потврдува од страна на претседателот на судот кој составува записник на кој ги втиснува печатот, жигот и штембилите, а потоа ги предава на нотарот.

Записникот за заверка и предавање го потпишуваат претседателот на судот, записничарот и нотарот, заменик-нотарот, помошник-нотарот или нотарот што привремено ја врши службата.

Заверен примерок од записникот му се предава на нотарот, заменик-нотарот, помошник-нотарот или на нотарот што привремено ја врши службата и на Нотарската комора.

Во записникот се утврдува и бојата на мастилото која ќе ја користи нотарот, заменик-нотарот, помошник-нотарот или нотарот кој привремено ја врши службата.

Член 12

По дадената свечена изјава нотарот, односно по писмената изјава заменик-нотарот, помошник-нотарот или нотарот што привремено ја врши службата, ќе го заверат својот потпис на записник во основниот суд на чие подрачје е именуван нотарот.

Потписот се заверува од страна на претседателот на судот, кој составува посебен записник.

Записникот од ставот 2 на овој член се потпишува од страна на претседателот на судот, записничарот и нотарот, заменик-нотарот, помошник-нотарот или нотарот што привремено ја врши службата.

Заверен примерок од записникот му се предава на нотарот, заменик-нотарот, помошник-нотарот или на нотарот што привремено ја врши службата и на Нотарската комора.

Член 13

Печатот, жигот и штембилите на нотарот привремено ќе му се одземат кога има одлука за привремено оддалечување од службата до конечното завршување на поведена дисциплинска постапка, како и при изречена дисциплинска мерка - привремено одземање на правото на вршење на нотарската служба во траење од еден до шест месеци.

Печатот, жигот и штембилите на нотарот трајно ќе му се одземат во случаите на престанување на службата на нотарот и разрешување на нотарот согласно членовите 14, 15 и 16 и членот 123 став 1 алинеја 5 од Законот за нотаријатот.

Член 14

Постапката за одземање на печатот, жигот и штембилите се спроведува од страна на Нотарската комора, преку комисија составена од три члена.

За одземањето на печатот, жигот и штембилите комисијата составува записник, од кој еден заверен примерок му се предава на нотарот.

При трајно одземање, од страна на судот на чие подрачје е именуван нотарот, се поништува печатот, жигот и штембилите со сечење на два дела.

Од страна на претседателот на судот од ставот 3 на овој член се именува комисија составена од три члена, која присуствува на поништувањето на печатот, жигот и штембилите.

За поништувањето на печатот, жигот и штембилите комисијата составува записник, од кој еден заверен примерок му се предава на нотарот.

Одредбите од ставовите 4 и 5 на овој член се однесуваат и на истрошениот или оштетениот печат, жиг или штембил.

## 3.Фирма на нотарот

Член 15

Фирмата на нотарот го содржи: грбот на Република Македонија и називот "Република Македонија", називот "НОТАР", името и презимето на нотарот и подрачјето на основниот суд за кое е именуван нотарот.

Фирмата се испишува на посебна четириаголна плоча. Текстот треба да биде напишан со печатни букви во златна боја на црна стаклена подлога.

За упатување во правец на канцаларијата на нотарот можат да се постават најмногу четири патокази.

Патоказите се изработуваат во форма на стрелка или правоаголна форма со димензии до 25 см. во ширина и 100 см. во должина.

Патоказите се поставуваат на оддалеченост до 300 метри од канцеларијата на нотарот.

Патоказот го содржи називот "НОТАР", а може да содржи и стрелка која го покажува правецот и ознака за оддалеченост пред називот "НОТАР".

Патоказите се изработуваат од материјал кој обезбедува трајност, во комбинација на две бои на црна подлога на која со букви во златна боја е впишан називот "НОТАР".

## 4.Преодна и завршна одредба

Член 16

Со денот на отпочнувањето на примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на печатот, жигот, штембилот и фирмата на нотарот („Службен весник на Република Македонија" бр.52/97).

Член 17

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јули 2010 година.

Бр._________
_________2010 година
С к о п ј е

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,
Михајло Маневски

ПРИЛОГ

Образец бр. 1

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА СЛУЖБЕНИТЕ КНИГИ НА НОТАРОТ**

Нотарска комора на Република Македонија

Прими од ________________________________________
(име и презиме и седиште – адреса)

на ден_____20__год. овој,оваа________________________
(назив на уписникот, именикот или книгата)

и во прегледот издаде:

**П О Т В Р Д А**

Се потврдува дека овој, оваа__________________________
(назив на уписникот, именикот или книгата)
има ____________________________________страници,
(број) (зборови)
на ден_____20_____година ја потпиша и ја завери и на ден_______20____година ја предаде на нотарот____________________ од ___________
(име и презиме) (место)

Број:__________
Во _______________, ____ 20____година
(место)

Претседател,
___________________

(формат 110 x 100 мм)

Образец бр. 2

**ШТЕМБИЛ ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА НОТАРСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА**

**Република Македонија**
**Н О Т А Р**
**____________________________**
**Име и презиме**
**____________________________**
**подрачје на Основниот суд за кое е именуван нотарот**

Формат (60 х 60 мм)

Образец бр. 3

**ШТЕМБИЛ ЗА ПРИЕМ НА ПИСМЕНО - ПРИЕМЕН ШТЕМБИЛ**

НОТАР________________________________________________
(име и презиме и седиште - адреса)

Примени непосредно од___________________, по пошта (обично -препорачано) ______20___ год. во ___ примероци со _______прилози.

Писменото е стигнато по пошта отворено-со оштетена обвивка.

Предадено на пошта препорачано на ден__________20_____год.

Писменото таксирано со______________денари - таксата - недостасува такси-денари - писменото е примено без такси.

Примени и вратени (пари, таксени марки и сл.) ___________________________________________

Потпис на овластено лице,
____________________

Формат (120х50 мм)

Образец бр. 4

## ШТЕМБИЛ ЗА ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ КНИГИ НА НОТАРОТ

Нотарска комора на Република Македонија

Прими од________________________________________
(име и презиме и седиште - адреса)
на ден____20__год. овој,оваа__________________________
(име на уписникот, имeникот или книгата)
и после прегледот издаде

**П О Т В Р Д А**

Се потврдува дека овој, оваа __________________________
(име на уписникот, имeникот или книгата)
кој, која има_________страници е исполнет-а до ______страница и е заклучен-а.
______________________________, на ден _________20__год. е
(име на уписникот, имeникот или книгата)
ставен надвор од употреба и на ден________20______година вратен на нотарот.

Број: ______
Во ______________, ______20__година
(место)

Претседател,
_______________

Формат (110 x 100)

Образец бр. 5

**ШТЕМБИЛ ЗА ОДОБРЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ - ТАКСИ**

| |
|---|
| Одобрено ослободување од плаќање<br>на трошоци - такси<br><br>Реден број на пописот на писменото_________ |

Формат (80 x 30)

Образец бр. 6

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ИЗВРШНОСТ НА НОТАРСКИОТ АКТ**

| |
|---|
| Овој нотарски акт е извршен на ден<br>_______20______ година.<br><br>Нотар,<br>_____________ |

Формат (80 x 40 мм)

Образец бр. 7

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ИЗВОД**

Јас НОТАР, ___________________________
_____________________________________
(име, презиме и седиште - адреса)
потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.
Овој е_______извод -потполн - во извадок, кон кого не се приложени – се приложени _______ преписи од прилогот на нотарскиот акт.

Број: ОДУ_________
Во_______, _____20___ година

НОТАР,
_____________

Формат (90 x 60 мм)

Образец бр. 8

## ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ПРЕПИС

Јас НОТАР,______________________________

_______________________________________
(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека е ова препис на изворната исправа - на овереното препис ________________

___________________________________________
(назив на преписот)

Напишан е на рака (со молив, со хемиско пенкало, со мастило), со машина за пишување, со други механички или хемиски средства (фотокопие и слично), кој има___страници. Изворната исправа по мое сознание - по тврдење на странката се наоѓа _______________________________ ја донесе со себе, побара препис

___________________________________________
(име,презиме и адреса на доносителот)

Нотарската такса по заверка тарифен број ___ од Законот_______________________________
(да се наведе прописот)

во износ од _____денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на нотарски такси по тарифен број __од Законот____________________
(да се наведе прописот)

Нотарската награда е пресметана во износ од ____денари, и трошоци________денари

Број: УЗП_________

Во_________ ______20___ година

НОТАР,

____________

Формат (90 x 120)

Образец бр. 9

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ПОТПИС ИЛИ РАКОЗНАК**

Јас НОТАР,___________________________________
______________________________________________
(име, презиме и седиште - адреса)
потврдувам дека ______________________________
______________________________________________
(име, презиме и адреса)
во мое присуство своерачно го потпиша писменото - стави свој ракознак на него - го призна потписот за свој - ракознакот на писменото како свој.

Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта или пасош ________________
(број на лична карта, или пасош и орган кој го издал)
со сведоци_____________________________________
______________________________________________
(број на лична карта, или пасош и орган кој го издал)
Потписот ракознакот на писменото е втиснат.
Согласно член 63 став 4 од Законот за нотаријатот , учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број ___ Законот_____________________________________________
(да се наведе прописот)
во износ од___________денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на нотарски такси, врз основа на член _____ од Законот
______________________________________________
(да се наведе кој закон)
Нотарската награда е пресметана во износ од_____ денари, и трошоци___________денари.

Број: УЗП_________
Во_________ , 20___ година

НОТАР,

______________

Формат (90 x 160 мм)

Образец бр. 10

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ИЗВОДИ ОД ТРГОВСКИ И ДЕЛОВНИ КНИГИ**

Јас, НОТАР,______________________________

________________________________________

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека ова е извод од трговска - деловна книга

________________________________________

(вид и чија е)

Овој извод е спореден со соодветната ставка на страна____од изворната книга и се сложува со неа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број _________од Законот___________________________

(да се наведе кој пропис)

во износ од ______денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на нотарски такси по тарифен бр.__ од Законот___________________________

(да се наведе кој закон)

Нотарската награда е пресметана во износ од _________денари, и трошоци___________денари.

Број: УЗП_________

Во_________, ____20___ година

НОТАР,

_________________

Формат (70 x 100 мм)

Образец бр. 11

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ПРЕВОД**

Јас НОТАР,________________________________

__________________________________________

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој превод е извршен од овластен судски преведувач ____________________________

(име и презиме)

од _________________________________јазик

на _________________________________јазик

Нотарската такса за заверка по тарифен број___од Законот__________________________________

(да се наведе прописот)

во износ од _____денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на нотарските такси, по тарифен број ____, од Законот_________________________

(да се наведе прописот)

Нотарската награда е пресметана во износ од _____ денари и трошоци_________денари.

Број: УЗП_________

Во_________ , _____20___ година

НОТАР,

____________

Формат ( 80 x 100 мм)

Образец бр. 12

## ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ВРЕМЕТО КОГА ИСПРАВАТА Е ПОДНЕСЕНА

Јас НОТАР,___________________________________________

______________________________________________________

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека оваа исправа ми е предочена, односно во мое присуство_______________________________________________

(име, презиме и адреса)

ми ја предочи на_________________________________________

(ден, месец , година и час)

Идентитетот на лицето кое исправата ми ја предочи е утврден врз основа на лична карта или пасош

________________________________________________________

(број на лична карта или пасош и орган кој го издал)

со сведоци ________________________________________

(име и презиме на сведоците)

___________________________________________________

_____________________________________________________

(броеви на нивните лични карти или пасоши и орган кој го издал)

Нотарската такса по тарифен број ____ од Законот ___________________________________________________

(да се наведе прописот)

во износ од ______денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на нотарски такси, по тарифен бр.__од Законот_________________________________________________

(да се наведе прописот)

Нотарската награда е пресметана во износ од ______денари и трошоци____________денари.

Број: УЗП_________

Во_________, _____20___ година

НОТАР,

____________

Формат (90 x 130 мм)

Образец бр. 13

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ТАКСА**

| |
|---|
| **ТАКСАТА Е ПОНИШТЕНА** |

Формат ( 50 x 20 мм)

Образец бр. 14

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА РОКОТ НА ЧУВАЊЕ НА СПИСОТ**

| |
|---|
| Списот се чува до __________ |

Формат (60 x 20 мм)

Образец бр. 15

## ШТЕМБИЛ ЗА ПРЕСМЕТКА ЗА АВАНСИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НАДВОР ОД КАНЦЕЛАРИЈА

ПРЕСМЕТКА ЗА АВАНСИРАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НАДВОР ОД КАНЦЕЛАРИЈА

Ознака на списот_______________

1. Патни трошоци:
   а) за превоз од __________до__________ ....... денари _________
   б) километри од__________до__________....... денари _________
2. Дневница - паушал .............................................денари _________
3. Трошоци за сведокот.............................................денари_________
4. Трошоци и награда за вештакот...........................денари_________
5. Такса според тар. бр.___од Законот___________...денари_________
   (да се наведе прописот)
6. Награда според тар. бр. __од______________.......денари_________
   (да се наведе прописот)

ВКУПНО:........................ денари________

Авансноплатено.................................................... денари________
Останува за исплата - наплата.................................. денари________

Датум_______20___год.

Одобрува исплата: Подносител на пресметката,

_________________ ______________________

Формат (110 x 100 мм)

Образец бр. 16

**ШТЕМБИЛ ЗА**
**АРХИВСКИ БРОЈ**

| |
|---|
| Бр.________________________ |
| ________________________ <br> ден, месец и година |

Формат( 60 X 20)